# ЗАШТИТА ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО

Мнозинството психопати успеваат да ја прикријат својата права природа така што директно нема да извршат убиство и со тоа успешно ги залажуваат луѓето околу себе, бидејќи обичните и нормалните луѓе мислат дека психопат единствено е она лице кое убило некого. Заради овој трик не ја гледаме вистинската состојба на работите - ПСИХОПАТИТЕ КОИ НЕ УБИВААТ ИМААТ ДЛАБОКО И ДЕСТРУКТИВНО ВЛИЈАНИЕ НА НАШИТЕ ЖИВОТИ. - Robert Hare, почесен професор по психологија на Универзитетот во Британска Колумбија

# Поим и видови на мобинг



- **Што е мобинг?**

- Хајнц Лајман (1932–1999) – ***психолошки притисок*, непријателски вид на комуникација кој потекнува од *едно или повеќе лица*, *систематски насочен против поединец* во беспомошна или незаштитена позиција кој не може да се ослободи, бидејќи *постапките* на мобингот постојано *се повторуваат*.**

- **буквално значење: формирање на група околку некоја единка со цел истата да се нападне**
- Кај нас психолошкото или „морално“ вознемирување или малтретирањето на работно место би можело да се поистовети со фразата – „**земање на пик**“ или „**пикирање**”

● <u>основни карактеристики</u> :

- се однесува **исклучиво на работната средина**
- е **психолошко насилство**,
- **тешко се докажува**,
- **последиците можат да бидат подеднакво трагични како и кај физичкото насилство**,
- **постапките на мобинг траат континуирано најмалку 6 месеци**

● **секој стрес на работа не претставува мобинг**

- ВИДОВИ НА МОБИНГ:
  - ВЕРТИКАЛЕН
  - ХОРИЗОНТАЛЕН
  - СТРАТЕШКИ
  - ЕФЕКТИВЕН или ЕМОЦИОНАЛЕН
  - СО ЕЛЕМЕНТИ НА СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

- причина за појава на мобинг е нерешен конфликт помеѓу соработниците на работното место кој резултира со пореметување во меѓучовечките односи

● **ефектите** кои можат да ги предизвикаат **дејствијата** на моберите можат да се поделат во **5 категории:**

- **ефекти врз комуникацијата на жртвата**
- **ефекти врз социјалните контакти на жртвата**
- **ефекти врз личниот углед на жртвата**
- **ефекти врз работата на жртвата**
- **ефекти врз физичкото здравје на жртвата**

● Постојат **5 фази на мобингот**

- **првата фаза на мобингот** –пореметување на меѓучовечките односи
- **втората фаза на мобингот** потиснатата агресија ескалира во психо – терор, интриги, понижувања, закани, психичко малтретирање
- **третата фаза на мобингот** жртвата станува дежурен виновник, т.н. „врећа за боксирање“
- **четвртата фаза на мобингот** жртвата води очајничка „борба за опстанок“
- **петтата фаза на мобингот**, хронични болести и нарушувања на здравјето, напуштање на работа

● **3 вида нарушувања на здравјето** кај жртвите на мобинг:

- **телесни нарушувања**
- **психички нарушувања**
- **нарушување во однесувањето**

● сигнали за постоење на мобинг

● Знаци дека постои мобинг

Карактеристики на моберите

- изразен егоизам
- уживање во психичко мачење
-изразено лицемерие
*-лажливост*
*- манипулација со сите*
- неверојатна прилагодливост
- однесување како ултимативен предатор
*- сплеткарење и склоност кон задкулисни игри*
*- снобизам и омалуважување на сите –* неможност за остварување  на искрени и длабоки семејни и пријателски врски
- бесрамно и неморално однесување
*-ладно и пресметано размислување...*

*ЗАКЛУЧОК – ПСИХОПАТСКИ ЛИЧНОСТИ*

**Карактеристични жртви на мобинг:**

-чесни;

- кои забележале неправилност во работењето и тоа го пријавиле;
-телесни инвалиди;
- млади лица кои само што се вработиле;
- постари лица пред пензија;
- лица кои бараат повеќе самостојност во работата или подобри услови за работа;
- лица кои претставуваат вишок на работна сила;
- припадници на малцински групи;
- луѓе од различно етничко потекло;
- лица од различен пол (жени во друштво на мажи и мажи во друштво на жени);
- лица со различна сексуална ориентација;
- многу креативни лица;
- ексцентрични лица

- Мобингот како категорија за прв пат во РМ определен во Законот за работни односи – чл.9-а ст.3

- Законот за забрана за вознемирување на работно место, мобингот е определен во чл.5 ст.1

- разлика во определувањето на поимот во ЗРО и во Законот за забрана за вознемирување на работно место

- ЗРО е предвидено дека негативното однесување кое се повторува треба да трае најмалку 6 месеци

- во Законот за забрана за вознемирување е определен рокот во кој може да се поднесе барањето за заштита од вознемирувањето до работодавачот – најдоцна во рок од шест месеци од денот кога последен пат е извршено однесувањето кое претставува вознемирување на работно место

- Во ЗРО како посебни категории се определени вознемирувањето и половото вознемирување во чл.9

- мобингот – психичкото вознемирување е определено во чл.9-а од ЗРО

- Во Законот за забрана за вознемирување на работно место во чл.5 се определени психичкото и половото вознемирување

- разлика помеѓу вознемирувањето и психичкото вознемирување

- Вознемирувањето е поврзано со некој од заштитните основи за дискриминација

- психичкото вознемирување претпоставува повреда на достоинството, интегритетот, угледот и честа и предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување и не е поврзано со заштитните основи за дискриминација

- како извршител на психичко вознемирување на работното место (мобинг) може да се јави само физчко лице

- во дискриминацијата како извршител покрај физичко лице како работодавач може да се јави и работодавачот како правно лице, управни органи, па дури и државата

- „мобер“ може да биде едно или повеќе лица без оглед на својството

- место на вршење на психичко и полово вознемирување на работно место – работното место на кое вработениот вообичаено работи или местото на кое вработениот е упатен да работи од страна на работодавачот

- време на вршење на психичко и полово вознемирување на работно место – времето во рамките на работното време и времето на патување до и од работното место кога е извршено вознемирувањето

- Однесувања и активности кои не се сметаат за вознемирување на работно место

- сите дејствија за кои законодавецот предвидел заштита во постапка утврдена со закон – чл.8 од Законот за забрана за вознемирување на работно место

# Ви благодарам на вниманието!

